ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ
СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/467-043-1
29.01.2018 год.
СКОПЈЕ

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 7 став (2) точка 2) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија" бр.95/12, 188/13, 27/14, 154/15, 192/15, 23/16, 190/16 и 193/17) и член 19 став (1) точка 2) од Статутот на Институтот за сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Собранието на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, по добиената согласност од Министерството за финансии бр._______, од __.__.2018 година, на седницата одржана на __.__.2018 година, донесе

# ТАРИФ НИК

## за висината на годишната членарина

Член 1

(1) Со овој Тарифник се утврдува висината на годишната членарина за сметководител, односно овластен сметководител.

Член 2

(1) Годишната членарина за сметководител изнесува 1.400 денари.
(2) Годишна членарина за овластен сметководител изнесува 2.400 денари.

Член 3

(1) Членарината од членот 2 на овој Тарифник се плаќа најдоцна до 31 јануари наредната година.

Член 4

(1) Со донесување на овој Тарифник престануваат да важат Тарифникот за висината на членарините и надоместоците, донесен од страна на Собранието на Институтот за сметководители и овластени сметководители на Република Македонија на 21.07.2016 година, заведен со архивски број 02-55 на 21.12.2016 година, и Тарифникот за измена на висината на членарина и надоместоци, донесен од страна на Собранието на Институтот за сметководители и овластени сметководители на Република Македонија на 19.05.2017 година, заведен со архивски број 0201/109 од 19.05.2017 година.

Член 5

(1) Овој Тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Скопје, 29.01.2018

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ИСОС
1
СКОПЈЕ

__________________________